Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Советот на ЈНУ Институт за старословенска култура-Прилеп на 19-та седницата одржана на 12.8.2019 година, донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ План за управување со Споменик на природата-Маркови Кули, Прилеп, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи, засегнати од имплементација на планскиот документ-План за управување со Споменик на природата-Маркови Кули, Прилеп,се определуваат следните: општина Прилеп, Министерствоза култура, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за економија, Министерство за локална самоуправа, Министерство за транспорт и врски, Министерство за труд и социјална политика, Национална комисија на УНЕСКО, Управа за заштита на културно наследство, Дирекција за заштита и спасување, ЕВН, Македонски телекумуникации, комунални претпријатија, невладини организации, еколошки друштва, претставници од стопанскиот и граѓанскиот сектор.

3. За планскиот документ-План за управување со Споменик на природата-Маркови Кули, Прилеп, за чија изработка е одговоренЈНУ Институт за старословенската култура-Прилеп – субјект за управување со СП Маркови Кули, а на предлог на научниот Совет на Институтот го одобруваМинистерство за животна средина и просторно планирање, донесувањето на планскиот документ План за управување со Споменик на природата-Маркови Кули-Прилеп ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: социоекономски развој и здравје на населението, заштита на културно и природно наследство, материјални добра,заштита и управување со медиумите во животната средина, управување со емисии од бучава, вибрации, отпад, заштита и унапредување на пејзажот, управување со несреќи и хаварии.

5. Одлуката, заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена, се објавува на веб страната на ЈНУ Институт за старословенската култура-Прилеп на адреса: www.isk.edu.mk.

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Прилеп, 12,8.2019 год.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ

/Д-р Бошко Ангеловски